Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на ден од дневни настани 13.08.2020

На 12.08.2020 во 13.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Марко Орешковиќ" го лишиле од слобода М.К.(34) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена прашката материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.08.2020 во 21.40 часот, полициски службеници од СВР Скопје на кеј „Димитар Влахов" ги лишиле од слобода Ф.С.(26) од с.Желино и Н.А.(22) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.08.2020 околу 18.00 часот, на автопатот Штип – Свети Николе, поточно кај с.Кривидол, полициски службеници забележале товарно возило „мерцедес" со битолски регистарски ознаки, по што истото застанало на автопат, а возачот и совозачот се дале во бегство. При проверка на возилото биле пронајдени 25 мигранти и тоа 19 од Пакистан, пет од Авганистан и еден од Индија, кои биле предадени во Прифатниот транзитен центар „Виноју" за понатамошна постапка. Се работи на расчистување на случајот.

На 12.08.2020 во 20.45 часот било пријавено дека на патот Градско – Прилеп, кај с.Раец, се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно возило „мерцедес", со битолски регистарски ознаки, управувано од Т.А.(56) од Битола и патничко возило „ланчија", со кавадречки регистарски ознаки, управувано од Љ.П.(42) од Кавадарци. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил Љ.П., констатирани во Општата болница Кавадарци. Извршен бил увид на местото на незгодата од Полициската станица Кавадарци.

На 12.08.2020 во 17.15 часот на Граничниот премин „Долно Блаце", на влез во Република Северна Македонија, бил лишен од слобода Л.А.(38) од Р.Албанија, бидејќи при извршените гранични проверки било констатирано дека се наоѓа во оперативните евиденции со марка „апси", по барање на МВР-СМПС-Интерпол од Франција. Тој бил предаден на полициски службеници за понатамошна постапка.

На 12.08.2020 во 17.08 часот во Полициската станица Новаци било пријавено дека при ископување во ловиштето „Није" биле пронајдени рачни бомби од Првата светска војна. Пронајдените бомби во текот на денот ќе бидат подигнати од местото на настанот од страна на претставници на Дирекцијата за заштита и спасување.

На 12.08.2020 во 22.00 часот во Полициската станица Прилеп од Општата болница Прилеп било пријавено дека кај нив бил донесен Г.Н.(58) од Прилеп, со повреда здобиена од огнено оружје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во текот на 12.08.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се четири возила бидејќи биле нерегистрирани, двајца возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило, шест возачи затоа што управувале возила со брзина поголема од дозволената, а 52 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 13.08.2020 околу 12.15 часот во СВР Тетово од Царинска управа на Република Северна Македонија било пријавено дека во приколка во товарно возило „мерцедес", со тетовски регистарски ознаки, сопственост на правно лице од Тетово, а управувано од А.С.(25) од село Горно Седларце, тетовско, кое било во кругот на царински терминал, биле пронајдени 10 лица мигранти од Ирак, Авганистан и Бангладеш, на возраст од 15 до 49 години. Мигрантите и возачот на возилото биле лишени од слобода и задржани во Полициската станица Тетово за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.08.2020 во 20.20 часот било пријавено дека во Скопје на ул.„Миладин Поповиќ", по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу З.З.(33), Е.З.(55) и З.З.(58), од една страна, и А.Н.(46) и Б.Н.(44), од друга страна, сите од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 став 2 од ЗППЈРМ.

На 12.08.2020 во 01.10 часот било пријавено дека во Скопје на ул.„Саса", Ј.И.(21), Д.Ј.(19) и Н.Р.(22), сите од Скопје, биле физички нападнати од три непознати лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 12.08.2020 во 16.45 часот А.А.(32) од Скопје пријавил дека околу 03.00 часот, пред угостителски објект на бул.„Јане Сандански", бил физички нападнат од А.М. и Б.Н. Се работи на расчистување на случајот.

На 13.08.2020 околу 00.10 часот во СВР Тетово било пријавено дека на ул. „Илинденска" во Тетово настанала физичка пресметка помеѓу Н.Л.(28) и А.Б. (29), двајцата од с.Желино, од една страна, и Ј.Ф.(41) и М.Ф.(19), двајцата од с.Пирок, од друга страна. Притоа биле употребени остри и тврди предмети. А.Б., М.Ф. и Ј.Ф. биле лишени од слобода и задржани во Полициска станица Тетово, а по документирање на случајот ќе биде поднесен и соодветен поднесок.

На 12.08.2020 околу 14.00 часот на ул.„ЈНА" во Струга, И.Ф.(27) од с.Велешта, струшко, се однесувал агресивно кон полициски службеник кој вршел службени дејствија, а малку подоцна и телефонски упатил закани кон него. И.Ф. бил повикан во полициска станица и се работи на расчистување на случајот.

На 12.08.2020 во 20.20 часот во Полициската станица Тетово, Х.Д.(65) од Тетово пријавил дека од домот се оддалечил неговиот брат Г.Д.(62), кој живеел сам и имал здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 12.08.2020 во 13.30 часот во Полициската станица Карпош од Јавна установа за згрижување на деца било пријавено дека се оддалечила нивната штитеничка М.С.(16) од Скопје, која во повеќе наврати го напуштала домот. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.Н.(26) од с.Вапила, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба". На 04.08.2020, во куќа сопственост наС.П. во с.Лесковец, тој со употреба на физичка сила и подесен алат влегол и одзел 30.000 евра и 5.000 денари. М.Н. бил лишен од слобода и од страна на судија на претходна постапка од Основен суд Охрид одредена му е мерка притвор.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против М.М.(24) од Свети Николе, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба". На 15.04.2020 во Свети Николе, на ул.„Карпошева", во куќа сопственост на Д.С., пријавениот влегол со употреба на сила и одзел пушка марка „застава" М98, пушка марка „винчестер", пушка марка „бенели", пушка марка „баикал", пиштол ЦЗ, околу 50 парчиња различен вид на муниција, две црни торби, пари, накит, вредни предмети и спортска опрема, со што пријавениот се стекнал со противправна имотна корист во вредност од 1.636.000 денари.

На 12.08.2020 во 20.15 часот Л.С.(27) од Скопје пријавил дека на бул.„Јане Сандански", пред угостителски објект, бил физички нападнат од три непознати лица. Се работи на расчистување на случајот.

Регионалниот центар за гранични работи „Југ" поднесе кривична пријава против А.М.(37) од с.Никуштак, кумановско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење на мигранти", а од страна на судија на претходна постапка одредена му е мерка притвор.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Р.Н.Н. (36) од Велика Британија, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „измама" и „оштетување и неовластено влегување во компјутерски систем". Пријавениот, во текот на ноември 2019, заради прибавување противправна имотна корист, неовластено влегол во туѓ компјутерски систем со менување на вистинските банкарски податоци во електронска комуникација поврзана со правно лице од Скопје и правно лице од САД, доведувајќи го во заблуда одговорното лице Т.М., за извршена нарачка на дијагностичка опрема, наместо на вистинската банкарска сметка да извршил плаќање на паричните средства во износ од 10.503 евра на банкарска сметка која била во сопственост на пријавениот.

На 12.08.2020 во 10.23 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Катланово, под мостот, во непосредна близина на црквата „Св.Недела", било забележано човечко тело во водите на реката Пчиња, без знаци на живот. По наредба на Јавен обвинител телото било дадено на обдукација.

На 12.08.2020 во 17.04 часот во СВР Скопје, Р.Р. пријавил дека во нас.Визбегово, скопско, на задната хауба од неговото патничко возило „шкода", имало оштетување од залутано зрно. Според пријавеното, возилото било подолго време паркирано, а тој од незнаење сам го извадил зрното и потоа го изгубил.

На 13.08.2020 околу 01.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Батинци, скопско, настанал пожар во патничко возило „голф 6", со скопски регистарски ознаки, сопственост на С.Б.(29) од с.Батинци. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид се врши.

На 12.08.2020 во 08.30 часот на регионалниот пат Скопје - Граничен премин Блаце се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „шкода октавија", сопственост на МВР, а управувано од М.К.(39) од с.Нераште, тетовско и патничко возило „фолксваген голф", со скопски регистарски ознаки, управувано од А.М.(55) од Скопје. По незгодата, двајцата возачи биле пренесени во Градската општа болница „Св.Наум Охридски", каде им биле констатирани телесни повреди. Увид бил извршен.

На 12.08.2020 во 12.44 часот во СВР Скопје било пријавено дека во пошта на ул.„Миле Поп Јорданов" едно лице со закана од вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.А.(20) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавениот, на 09.08.2020 во 19.00 часот организирал и одржал турнир во мал фудбал на фудбалско игралиште во с.Јурумлери, каде покрај играчите имало и публика.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@mol.gov.mk
Изработено од: Унет